РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-5511/2
25.12.2014 год.
СКОПЈЕ

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-16695
26.12.2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 став (10) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија„ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14 и 160/14) и Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на Градежното друштво "ГРАНИТ" АД Скопје на локалитетот "Рашанец", општина Охрид, бр.42-2055/3 од 25.11.2014 година (Службен весник на Република Македонија бр.178/14)

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Bekim Neziri**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Градежното друштво ГРАНИТ АД- Скопје**
**со адреса:Ул. Димитрие Чуповски Бр.8 Скопје - Центар, Република Македонија**
**застапувано од лицето Страшо Милковски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2014 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ "РАШАНЕЦ", ОПШТИНА ОХРИД

## Член 1
## Предмет на Анекс на договорот

Со овој анекс на Договор се врши продолжување на концесијата за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот "Рашанец", општина Охрид, дефинирана во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Рашанец", општина Охрид бр. 24-5511/1 од 12.11.2014 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје.

Предмет на овој анекс на Договор е уредување на рокот на важење на концесијата за експлоатација.

## Член 2
## Рок на важење на концесијата

Рокот на важењето на концесијата од член 1 на овој анекс на Договор се продолжува за период од 10 (десет) години.

**Член 3**
**Број на оригинални примероци**

Овој анекс на Договор е склучен во 7 (седум) еднообразни примероци, по шест примероци за Концедентот и по еден примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на Договор влегува во сила со денот на неговото склучување од договорните страни.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Bekim Neziri

За Концесионерот
Градежно друштво
ГРАНИТ АД Скопје
Страшо Милковски

Изработил:м-р Александра Митреска
Контролирале: м-р Јетон Кучи
м-р Костадин Јованов
м-р Ејуп Љатифи
Согласен: Анета Димовска